

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**14-21 окт 2024 Билтен бр. 575**

# ЈАКИМОВСКИ: ВЛАДАТА ДА СИ ГО ПЛАТИ ЗАОСТАНАТИОТ ДОЛГ ЗА ГРЕЕЊЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ

**Градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакимовски ја повика Владата на Република Македонија да ги покрие трошоците за греење на општинските основни училишта во висина од 8.3 милиони денари, затоа што локалната самоуправа не е должна да го прави тоа. Јакимовски нагласи дека минатата година за децата да не останат без греење, општината издвои 6 милиони денари за оваа намена затоа што исто така Владата не сакаше да ги плати сметките. Тој се чуди, како централната власт си дозволува да одвои 36 милиони евра за спомeникот на Мајка Тереза, но нема пари да си ги плати основните трошоци за да функционираат основните училишта.**

**Локалната самоуправа само управува со основните училишта, а сите обврски кон училиштата ги покрива Владата, односно министерството за образование. Тие ги исплаќаат средствата преку т.н. блок дотации, кои што стигаат до општината,а ние само ги пренесуваме до училиштата. За жал, средствата што ги исплаќаат од министерството за образование до училиштата, ни од далеку не достасуваат за основните потреби на училиштата, а тоа е да се покријат основните трошоци за електрична енергија, да ги покријат трошоците за парно, за ѓубретарина, за вода и тн. Не станува збор за тековно и инвестиционо одржување. Сето тоа го покрива локалната самоуправа, а ние имаме обврска само да управуваме. Сето е на терет на Владата на Р. Македонија. Така стои во законот. Долговите на основните училишта на територија на општина Карпош изнесуваат вкупно303.000 денари. Што тоа значи? Минатата година ова време, општина Карпош од својот Буџет одвои 6 милиони денари, и исто вака покри трошоци за греење на училиштата. Оваа година, гледате колку помалку има платено министерството за образование на училиштата за нивно нормално функционирање. Јас се обратив до министерството, а тие ми рекоа дека немаат денар пари, како знам да се снаоѓам. Е сега мене не ми е јасно. Како имаат пари за спомeникот на Мајка Тереза 36 милиони евра, а да си ги платат основните трошоци за да функционираат основните училишта, за тоа немаат пари. Навистина е чудно. Јас и порачувам на Владата и на премиерот да го напуштат популизмот, бидејќи се нафатиле да водат држава. Ако водат држава, тогаш треба да обезбедат основните функции на државата, во кои што влегува и образованието да може нормално да егзистира и да функционира. Да се тргнат од голиот популизам во кои што сега ќе ги обезбедат тие 5 проценти за покачување на плати, а тоа го обезбедија преку не дозволување на вработување на ниту едно ново, повторувам, ново вработување во делот на образованието. Дали требало наставник, или технички персонал, и практично со тие средства тие вршат зголемување на тие 5 проценти, односно луѓето се спремаат за локални избори. Сакам да им кажам јасно дека локалната самоуправа се потруди максимално да постави скоро на сите училишта фотоволтаици. Сега набавуваме смарт табли, набавуваме и компјутери. Ништо од тоа, освен во времето на Груевски кога сме добиле компјутери, не сме добиле во делот на училиштата. Затоа ги повикувам овие 8 милиони и триста илјади денари Владата да си ги обезбеди и да си ги најде и да си ги плати на училиштата, затоа што локалната самоуправа не е должна ова да го прави, рече Јакимовски.**

# ОПШТИНА КАРПОШ ВО КАМПАЊА ЗА ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА РАКОТ НА ДОЈКА

**Октомври е месец на розовите панделки и месец посветен на борбата против рак на дојката. Розовата пандела која е симбол на подигнување на свеста за ракот на дојката датира од 1985 година кога за прв пат е спроведена кампања за подигање на свеста од страна на American Cancer Society и Imperial Chemical Industries.**

**Од тогаш наваму, секоја година во месец октомври, ширум светот се одржуваат разни кампањи, иницијативи и активности кои пред се имаат за цел да ги поттикнат сите жени да направат рутински прегледи и препознавање на симптомите на ракот на дојката.**

**Општина Карпош дава целосна поддршка за подигање на свеста за почести прегледи кај женскиот пол. Да обрнеме внимание на следниве симптоми: – грутка или оток во дојката, горниот дел на градите или под пазувите; – промена на кожата, како вдлабнатини или собирање; – промена на бојата на дојката; – промена на брадавицата, на пример, кога таа се вовлекува; – осип, кора или промени околу областа на брадавицата; – каков било необичен течен исцедок од брадавиците; – промени во големината или обликот на дојката; – болка во дојките во текот на целото или поголемиот дел од времето.**

**Информирај се!**

**Направи проверка!**

**За секоја промена задолжително консултирај лекар!**



# ЈАКИМОВСКИ ДО ЈАНЕВСКА: АКО Е МОЈА ОБВРСКА ДА ГО ПЛАЌАМЕ ГРЕЕЊЕТО, ЗОШТО ТОГАШ МИНИСТЕРСТВОТО ДАВА ПАРИ?

Градоначалникот на Карпош Стевчо Јакимовски уште еднаш побара од министерката за образование Весна Јаневска да ги подмири трошоците за греење на училиштата во Карпош во висина од 8.3 милиони денари, за да можат децата да имаат нормално затоплување.

„Не знам дали министерката доволно добро го чита законот, не знам дали и е доволно познато, дека сите обврски за функционирање на училиштата, а тоа значи за електрична енергија, за водоснабдување, за ѓубретарина, за тековно-инвестиционо одржување надлежно си е министерството за образование.

Тоа што министерството за образование не си предвидело доволно пари во буџетот за училиштата во општина Карпош е исклучиво вина на министерот за образование. И не знам зошто се обидува да ја префрли топката на локалната самоуправа, прозивајќи ме мене дека сум можел да се снајдам. Овде не е потребно снаоѓање. Овде е потребно министерот за образование да си ги обезбеди парите за да можат децата од училиштата на територија на општина Карпош да имаат нормално затоплување, како што имаат сите деца во светот.

Се прашува министерката како е можно само во општина Карпош да нема доволно средства за затоплување, а сите останати општини да имаат доволно. Многу едноставно министерке. Од времето на Груевски постојано кратевте кај општина Карпош, а постојано додававте кај вашите градоначалници. И ова ви се провлекува постојано. Минатата година плативме 6 милиони денари, оваа година 8,3 милиони денари нема да ви ги платиме. Ќе си ги обезбедите вие од министерство за образование. Ако имавте за Мајка Тереза 35 милиони евра, ќе штрбнете малку од таму и ќе обезбедите средства за да ги платите сметките, рече Јакимовски.

Градоначалникот ја праша министерката, ако навистина е негова обврска да го плаќа греењето во училиштата, зошто тогаш министерството дава пари за истото?

„Сакам да прашам, ако е моја обврска да го плаќаме греењето, зошто тогаш министерството дава пари? А, ако е нејзина обврска да се подмират трошоците за затоплувањето, зошто тогаш бара и општината да контрибуира во плаќањето на сметките? Зошто останатите општини не го трошат буџетот за да плаќаат затоплување, туку тоа мора да го прави само општина Карпош? Овој дискриминтароски однос кон општината трае веќе подолго време, но наместо да се смирува, таа ескалира. Општината презела се за да ги намали трошоците во училиштата.

Сите училишта да се реконструираат, на сите училишта се ставени фасади, секаде се сменете прозорите. Во најголем дел од училиштата ставивме фотоволтаици. И тоа било обврска на министерството за образование. Еве прашање до министерката. На барање на новинарите да ја искоментира изјавата на министерката каде вели дека „блок дотациите се исплатени, понатаму обврска на општините е како ќе ги менаџираат тие средства“, градоначалникот одговори:

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Почитувани карпошани,**
**би сакале да Ве известиме дека Јавниот повик за субвенционирање за промена на стари и поставување на нови лифтови, како и реконструкција на покриви на зградите и поставување на азбестни покриви на куќите, е завршен поради исцрпени финансиски средства.**

## ЈАКИМОВСКИ: АКО МОЖАТ ПРЕКУ РАЗНИ ФИНТИ ДА ОБЕЗБЕДАТ ПАРИ ЗА АЛБАНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИ, МОЖАТ ДА НАЈДАТ И ПАРИ ЗА ГРЕЕЊЕ НА ДЕЦАТА ВО КАРПОШ

**Градоначалникот на Карпош Стевчо Јакимовски ја обвини владата дека со помош на разни финти им обезбедува пари на албанските општини за да финансираат таканаречена „албанска академија на науки", а од друга страна не можат да ги платат сметките за струја на училиштата во кои учат Македонци. Јакимовски нагласи дека не може да се штеди на грбот на децата од Карпош и презентираше документи од кои се гледа дека министерството за образование во 2022, 2023 и 2024 година континуирано ги намалува предвидените средства за образование за оваа општина, односно за 2022 година и 2023 година исплатила на училиштата 15 милиони денари помалку од предвидените.**

**-Ова се предвидените средства што требало да се исплатат: На пример, во 2022 година, кога биле предвидени 39 милиони, исплатени се само 20 милиони, тоа значи на половина. 19 милиони денари, или 300.000 евра за оваа 2022 година се исплатени помалку. За 2023 година, предвиделе како што рековме 28 милиони, а исплатиле 32 милиони денари, четири повеќе. Значи 2022 година ни скратиле 19 милиони, а лани ни додале 4 милиони што значи, не ни исплатиле 15 милиони денари, пари за училиштата во Карпош. Не може да се штеди на грбот на децата и граѓаните на Карпош. ГИ слушнавте вчера градоначалниците Албанци, кои рекоа дека сами ќе ја финансираат академијата на науки и уметности на Албанците во Македонија. Значи тие имаат средства да си финансираат и академии на науки и уметности, а ние, македонските градоначалници немаме средства ни да го платиме парното на учениците од основните училишта. Што е најинтересно, тоа го поддршка претседателот на Советот на Град Скопје, Трајко Славески, што јасно кажува дека е ова договорена работа и обезбедени средства за локалната самоуправа, како да ги прејдат граѓаните, односно тоа да не го плати централната власт, туку да оди преку локална самоуправа. Значи таму можат да обезбедат средства и за функционирање на науки и уметности на Албанците, а кај нас Македонците не можат. Гледате колку средства намалиле? Не можеме ниту да платиме ни парно греење за учениците.**

**Ова е срамно од една влада која што дојде на власт со антиалбанска реторика, ветувајќи брда и долини, но се однесува крајно некоректно токму кон македонските општини и настојувајќи целосно да ги запре средствата кои што е должна со закон да ги исплаќа, и како што гледате средства кои што се предвидени, постојано ги намалуваат.**

# ЗАПОЧНА ЕСЕНСКАТА ДЕРАТИЗАЦИЈА ВО КАРПОШ

**Денеска започна акцијата за редовна есенска дератизација која се спроведува секоја година на територијата на општина Карпош, за која се очекува да трае речиси до крајот на оваа календарска година. Инаку, оваа иницијатива се реализира со цел уништување на штетните глодари и инсекти, но и како превенција од заразни болести. Во таа насока, со дератизацијата ќе бидат опфатени околу 5.000 шахти, откако локалната самоуправа претходно спроведе дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите основни училишта и детски градинки на своето подрачје.**



# ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ ДОМАЌИН НА УЧИЛИШНИОТ САЕМ ЗА НАУКА

**Како дел од проектот „Науката и Јас“, во основното училиште „Владо Тасевски“ денеска се одржа Саемот за наука, кој се реализира во соработка со реномираната странска компанија „Џонсон Мети“ и невладината „Македонија 2025“. Во рамки на саемот покрај училиштето – домаќин, учество зедоа и основците од„Невена Георгиева-Дуња“ – (Кисела Вода), „Браќа Миладиновци“ – (Аеродром) и Емин Дураку” – (с. Буковиќ, Сарај).На настанот, секое училиште го презентираше својот проект преку тим од четири до шест ученици, кои беа координирани од своите наставници – ментори. Целта на денешниот саем беше промовирање на знаењето, кое кај младите ученици треба да го пробуди интересот за природно – техничките науки, преку стручен пристап и презентација на научните концепти по моделот „од ученици за ученици“.**

**На научната манифестација присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој во оваа пригода ја истакна важноста од реализирање на ваквите иницијативи, каде активно се вклучени и меѓусебно соработуваат образовните институции, невладините организации и меѓународни индустриски компании.**

**„Целта е да се поттикнат децата на работа во делот на природните науки, а во исто време да се поврзат училиштата, односно образованието со стопанството. Ова е вистински начин на развивање на образованието на децата низ практични примери и ќе добиваат љубов низ техничките науки од најрани години. Во последниве години сите се ориентиравме на право, економија и општествени науки, но иднината на општеството е во развој на техниката и технологијата која што астрономски напредува, а Македонија мора да оди во чекор со технолошкиот развој“ – посочи Јакимовски.
Тој напомена дека во Карпош функционира и Креативниот центар со чија соработка се отворени повеќе лаборатории (роботика, биологија, хемија, ботаничка градина и сл.), во сите основни училишта ширум општината. Локалната самоуправа финансиски ја поддржува работата на овој Креативен центар, со цел да се овозможат подобри услови за учениците во рамки на практичната настава која ја изучуваат во своите училишта.**





# ЈАКИМОВСКИ ЈА ПОВИКА МИНИСТЕРКАТА ЈАНЕВСКА НА СРЕДБА: ЗАЕДНО ДА ОБЕЗБЕДИМЕ УСЛОВИ ЗА НОРМАЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ

**Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски јавно и се извини на министерката за образование Весна Јаневска затоа што вчера ја нарече „северџанка", и истовремено ја повика на средба на која би ги разгледале можностите за решавање на проблемот околу долговите за греење на училиштата во Карпош.**

**-Имам високо мислење за госпоѓата Јаневска. Јавно и се извинувам за тоа што ја нареков „северџанка". Мислам дека госпоѓата не го заслужува тоа. Но, ние мораме да разговараме. Не можеме да кажеме „ние сме ги исплатиме парите, а општината треба да знае да менаџира со нив". Замолувам за наредниот буџет да се расчистат овие работи. Станува збор за околу 16 милиони денари, токму тие пари ни недостасуваат. Минатата година плативме 6 милиони денари, годинава имаме 8,3 милиони денари за греење. Тоа се големи пари за локалната самоуправа. Од друга страна имаме општини кои се бањаат со пари. Замислете општина Желино ќе финансира академија на науки и уметности. Жал ми е што мораме вака во јавност да се препукуваме. Вистински одговор е „да, има помалку средства за училиштата во Карпош, ама се надеваме со наредниот буџет дека тие средства ќе се контрибуираат за да се платат тие сметки". Во спротивно треба да се фрлиме на штедење. Со задоволство би сакал да се видам со министерката. Таа е релативно кратко во тоа министерство. Знам дека има многу проблеми. Има преку 400 училишта. Но, сите како општество треба да видиме што можеме да направиме за да обезбедиме услови за нормално функционирање на училиштата во општината, изјави градоначалникот Јакимовски.**



## ОПШТИНАТА ЌЕ ГИ ОТСТРАНУВА ОТПАДНИТЕ (ХАВАРИСАНИ) ВОЗИЛА

**Во насока на заштита на животната средина, Општина Карпош ги известува своите сограѓани дека наскоро започнува акција за отстранување на отпадни (хаварисани) моторни возила на јавна површина на целата територија на локалната самоуправа.**
**Акцијата се спроведува согласно Законот за управување со дополнителни текови на отпад (Сл. весник на РСМ бр.216/21, 195/22) и согласно член 7 и член 63 од Законот за безбедност на патиштата. Доколку граѓаните кои поседуваат вакви моторни возила не постапат според насоките во известувањето, општинските инспекциски служби ќе ги отстранат возилата, а на сопствениците биде им биде изречена парична казна глоба за сторен прекршок.**

**Во таа насока, апелираме до сите граѓани да ги отстранат возилата кои се во нивна сопственост, а не се во употребна функција односно возна состојба.**

## ОПШТИНАТА ЌЕ ИНВЕСТИРА НАД 1,6 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ЗАФАТИ ВО НАСЕЛБАТА БАРДОВЦИ



**Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, денеска најави дека во текот на годината во населеното место Бардовци ќе се случат инвестиции во инфраструктура во висина од над 1,6 милиони евра, поточно во фекална и атмосферска канализација, водоводна мрежа, асфалтирање и поплочување на улици. Тој нагласи дека локалната самоуправа мора да одговори соодветно на потребите за изградба на нова инфраструктура, имајќи предвид дека ова е урбана заедница која забрзано се развива, при што постои голем интерес кај граѓаните за изградба на индивидуални и колективни домови на оваа територија.**

**Во моментот, во оваа населба вршиме асфалтирање и поплочување на улици кои што се веќе постоечки, с□ со цел да го подобриме квалитетот на живот на граѓаните. Вршиме реконструкција на интегрирана сообраќајна површина на улица 14 и крак од улица 4 во вредност од000 денари. Исто така реконструкција на крак 2 и крак 3 на улица 10, реконструкција на крак 1 и крак 2 од улица 3 и улица 6, како и реконструкција на сообраќајна површина на улица 2. Сето ова го изведува фирмата Битем, а вкупната вредност на овие инвестиции изнесува 3,5 милиони денари – објасни Јакимовски.**

**Првиот човек посочи дека Општината има подготвено проекти со кои аплицираше за средства кои ги одобрува Владата на Република Македонија во вредност од 82 милиони денари. Оттука, средствата ќе бидат наменети за изведба на улична мрежа на новопроектирана улица 6, како и канализација и асфалтирање на улица 1687. Исто така, со овие средства се предвидува изградба на фекална канализација во овој дел како и во Нов пат, и изградба на канализација на новопроектираните улици „3“ и „Е“ кои се предвидени со блокот на УПС Бардовци, поточно во фаза градежништво, водовод, канализација и електрика, што подразбира и ново улично осветлување.**

**Во таа насока подготвуваме нови проекти кои се веќе нарачани за реконструкција на улица 2, на крак 4, на крак од улица 8 и на крак од улица Воедно, сакам да најавам дека се подготвува и урбанистички план со кој во оваа урбана заедница ќе се предвиди мал трговски центар со спортски терени, со кафетерии, продавници, центар за снабдување итн. Ова го говорам од причина што овој дел не може да биде само за живеење, туку граѓаните мора да имаат место за забава, но и услови каде секојдневно ќе се снабдуваат со продукти. Направивме максимум за овие луѓе да имаат каде да спортуваат и да се рекреираат, а од аспект на образованието и воспитанието извршивме целосна реконструкција на ООУ „Аврам Писевски“ и изградивме градинка која работи над максималниот капацитет, што значи дека ќе ни треба и проширување на оваа предучилишна установа – прецизираше Јакимовски.**

**Тој објасни дека локалната самоуправа мора да биде во чекор со времето, решавајќи ги проблемите на бардовчани, со што се создаваат поволни услови за оваа урбана заедница да биде подеднакво развиена како и останатиот дел од општината.**

# ИЗГЛАСАН КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ

**Во амфитеатарот на Универзитетот Скопје, денеска заседаваше Советот на Општина Карпош каде се одржаа две редовни седници, додека во рамки на првата се разгледуваше единствената точка на дневниот ред, при што беа поставувани советнички прашања.**

**Веднаш потоа стартуваше втората седница, каде се разгледуваа шест точки кои се најдоа пред советниците од Карпош. Во таа насока се поведе куса дискусија за Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош, за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1. јануари до 30. септември 2024 година. Имено, во образложението на Кварталниот извештај беше наведено дека во вкупните приходи планирани со Буџетот за 2024 година е утврден износ во висина од 1.299.451.000 денари, додека пак реализираните приходи за третиот квартал изнесуваат 982.492.893 денари. Во Општинскиот Буџет, приходите се планирани во износ од 594.236.000 денари, каде што е остварена реализација на приходите за трет квартал во износ од 492.309.268 денари.**

**Оттука, од приходите на конто – Данок од доход од добивка и капитални добивки се добиени вкупно средства во износ од 34.037.357 денари, а од Даноци на имот се добиени 164.399.075 денари. На контото од даноци за специфични услуги се бележи прилив на вкупни средства во висина од 248.716.931 денари, а од трансфери од други нивоа на власт (дотации од приходи од ДДВ и од ЈП за државни патишта) се добиени средства во износ од 28.079.513 денари.**

